РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18-4347/4
29.07.2025
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-4347/1, 18.07.2025г. Здружението Центар за еднаквост и правда, со адреса ул.Вич 22, 1000 Скопје Република Северна Македонија, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-4347/1, 18.07.2025г. од Здружението Центар за еднаквост и правда, со адреса ул.Вич 22, 1000 Скопје Република Северна Македонија.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како прилог бр. 18-4347/3, 28.07.2025г. кон ова решение.

### ***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Здружението Центар за еднаквост и правда, со адреса ул.Вич 22, 1000 Скопје Република Северна Македонија, достави барање по електронска пошта наш бр. 18-4347/1, 18.07.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.
Со барањето 18-4347/1, 18.07.2025г. барателот ги бара 15 различни информации од јавен карактер. Прилог барање наш бр. 18-4347/1, 18.07.2025г.

Информациите што се бараат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-4347/3, 28.07.2025г. кој е прилог на ова решение.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-4347/3
28.07.2025 год.
Крива Паланка



**До**
**Здружение Центар за еднаквост и правда,**
**Адреса: ул.Вич 22, 1000 Скопје**
**Република Северна Македонија.**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
**Врска , барање наш бр. 18-4347/1 од 18.07.2025г.**

Почитувани, постапувајќи по вашето Барање, наш бр. 18-4347/1 од 18.07.2025г**.** примено по електронска пошта со кое барате 15 различни информаци од јавен карактер и тоа:

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?
9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?
12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?

14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

**Ви ги доставуваме бараните информации согласно точките од барањето и тоа:**

- **Информација за точка 1 од барањето:**
  Општина Крива Паланка според Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година обезбедува еднократна парична помош за секое новороденче чии родители се со адреса на живеење на Општина Крива Паланка, висината за надоместокот е 6.000 денари.
- **Информација за точка 2 од барањето:**
  Одговорот е не.
- **Информација за точка 3 од барањето:**
  Одговорот е не
- **Информација за точка 4 и 5 од барањето:**
  Трите објекти се наоѓаат во Општина Крива Паланка .Во градинката се згрижени 320 деца распоредени во 16 групи од кои 6 групи во полудневен престој, 2 групи во целодневен престој, 5 групи градинка, 1 комбинирана група и 2 групи јасли. Проектираниот капацитет на градинката е 340 деца.
  Објектите на градинката се следните:
  Објект 1 "Пролетна Роса на ул.Св.Јоаким Осоговски бр.51 - централен објект
  Објект 2 "Поточиња" на ул.Илинденска бр.89
  Објект 3 "Виножито" на ул.Партизанска бб
- **Информација за точка 6 од барањето:**
  .Месечниот надоместок за згрижување во градинката е 1490 денари.
- **Информација за точка7 од барањето:**
  Општината нема предвидено стредтва за ослободување на партиципација за одредени категории.
- **Информација за точка 8 од барањето:**
  Општината не обезбедува хигиенски материјали за градинката**.**
- **Информација за точка 9 од барањето:**
  Општината не обезбедува хигиенски материјали за училиштата.
- **Информација за точка 10 од барањето:**
  Да во основните училишта во општина Крива Паланка се задолжителнни училишните униформи за учениците. Општината заедно со Основните училишта обезбедуват бесплатни училишни униформи за сите ученици.
- **Информација за точка 11 од барањето:**
  Општина Крива Паланка во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита има предвидено еднократна парична помош за социјално ранлива категорија на лица на територија на Општина Крива Паланка.
- **Информација за точка 12 од барањето:**
  Одговорот е не, затоа што сите деца без проблем се згрижуваат во детската градинка, бидејќи капацитетот на градинката ги задоволува потребите.
- **Информација за точка 13 и 14 од барањето:**
  Општина Крива Паланка во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита има предвидено еднократна парична помош за лица со попречености и ваучери за гардероба на лица со попреченост сместени во згришувачки семејства и штитеници

на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост кои се на евиденција на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка.

**Информација за точка 15 од барањето**
Постојани и континуирани мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот немаме. Но имаме реализација на јанење на капацитетите на жените на локално ниво во изминатиот период во соработка со канцеларијата на UN Women во различни области од идентификување на бизнис идеја, изработка на бизнис план, ИТ маркетинг за продавање на производи од праг и слично.

Бараните информации ви ги доставуваме на начинот наведен во барањето!

Изготвил: Елена Христовска
Одделение за јавни дејности

Со почит.

Место и датум : 21.07.2025г.
Крива Паланка

..........................................................................................

**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Сашко Митовски**